**1695.**

Врз основа на член 41-а став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ВЕЖБАТА „COMBINED ADRIATIC CYBER ENDEAVOUR 26“, ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

1. За учество на вежбата „Combined Adriatic Cyber Endeavour 26“, која ќе се одржи во Република Хрватска, во периодот од 2 јуни до 12 јуни 2026 година, се испраќаат пет припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана на припадниците на Армијата ги обезбедуваат вооружените сили на Соединетите Американски Држави, а финансиските трошоци за дневници за службено патување и патничко осигурување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4238/5
26 мај 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**1696.**

Врз основа на член 44 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20 и 74/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

1. Во Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/20, 73/21, 128/22 и 41/23), во точката 1, потточка а. алинејата 3 се менува и гласи:

„- Валерија Миланова од Организација на работодавачи на Македонија,“.

Во потточка б. алинеите 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

„- Жарко Краус од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија,

- Ангел Панев од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија,

- Слаѓана Миливојевиќ од Сојуз на синдикати на Македонија и“.

Во потточка в. во алинеја 1 зборовите „Министерство за труд и социјална политика” се заменуваат со зборовите „Министерство за економија и труд“.

Во потточка в. алинејата 2 се менува и гласи:

„- Валентина Јовановска, Министерство за економија и труд и“.

Во потточка ѓ. алинејата 1 се менува и гласи:

„- Предраг Зариќ, претставник на здруженијата за стручни лица за безбедност при работа.“

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3134/9
26 мај 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**1697.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНОТО ЛОВИШТЕ „ДУШЕГУБИЦА“

1. Со ова решение престанува да важи Решението за давање на управување на државното ловиште „Душегубица“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.267/25).

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3166/7
26 мај 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**1698.**

Врз основа на член 127 став (1) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22, 74/24 и 258/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 мај 2026 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува финансирањето на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

II

Во текот на 2026 година планирано е да се реализираат инвестициони активности во вкупен износ од 277.042.000,00 денари, кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, од кои средства од основен буџет во износ од 37.442.000,00 денари, од самофинансирачки активности во износ од 2.100.000,00 денари и средства од Заемот од Банката за развој на Совет на Европа во износ од 237.500.000,00 денари.